РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ
Бр. 0302-112/1
12.03. 2019 год.
СКОПЈЕ

0302/18
14.03. 9

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 12.03.2019 година помеѓу:

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Земјоделски институт Скопје, Бул. „16[ТА] Македонска бригада" бр.3-А, Скопје; и
2. Дарис инженеринг ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса: ул. „Алексо Демниевски" бр.7 во Скопје.

Во понатамошниот текст: „страните потписнички".

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст „Меморандум") ја изразува намерата на страните потписнички за воспоставување долгорочна соработка на полето на образованието, техниката и науката на земјоделските науки.

## ОБЛИЦИ И НАЧИН НА СОРАБОТКА

Член 2

Активностите за соработката вклучуваат, но и не се ограничени на следното:

- Зајакнување на контактите и дијалогот меѓу индустријата и Институтот;
- Овозможување на студентски пракси;
- Соработка на апликативни проекти;
- Организирање на обуки, работилници, конференции и размена на искуства;
- Организирање на курсеви за доживотно учење според потребите на индустријата.

Врз основа на овој Меморандум, страните потписнички поаѓајќи од своите интерни правила и интереси, можат да склучат посебен договор за определени области од меѓусебната соработка.

## ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

Член 3

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

## ДОПОЛНУВАЊА И ПРЕКИН

Член 4

Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со писмен договор помеѓу страните потписнички.

Секоја од страните потписнички може да го прекине овој Меморандум со писмено известување до другата страна.

## ВАЖНОСТ НА МЕМОРАНДУМОТ

Член 5

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето и ќе остане на сила додека не биде прекинат.

Овој Меморандум е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна потписничка.

Скопје, 11.03.2019 год.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Земјоделски институт
Директор

Проф. д-р Климе Белески

Дарис инженеринг ДООЕЛ Скопје
Управител

М-р Петре Ристески дипл.ел.инж.